РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1663/5
28-07-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 36-та седница одржана на ден 20.07.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 08-1663/1 од 03.04.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1663/1 од 03.04.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1663/1 од 03.04.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на ________________ по именување на функцијата судија во ______________________.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека ______________________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на именување на функцијата судија во ____________________ не поднела Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапило спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1663/3 од 14.04.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 17.04.2026 година. Истата во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

По плаќањето на глобата лицето нема доставено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК, по што ДКСК ќе достави укажување до истото за исполнување на обврската согласно член 82 став 1 од ЗСКСИ.
Согласно член 24 став 1 од ЗСКСИ, ДКСК ќе достави известување до ________________ органот кој го врши изборот на службеното лице и до ________________ каде службеното лице врши јавни овластување за повреда на одредбите од овој закон..

Согласно член 24 став 2 од ЗСКСИ, надлежниот орган е должен писмено да ја извести ДКСК за преземените мерки во рок од 60 дена од добивање на известувањето.

Со превземање на горенаведените дејства од страна на ДКСК нема елементи за понатамошно постапување, поради што одлучи како во диспозитивот

Републиканска Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје / Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D.-член/anëtar